*М. Соколоски*

# СПАХИИ-ТИМАРИОТИ ХРИСТИЈАНИ ВО ПРИЛЕПСКАТА НАХИЈА ВО СРЕДИНАТА НА XV ВЕК

Проблемот за спахиите — тимариоти христијани кај нас се уште не е доволно проучен[1]). Причина за тоа е, отсуството на турска архивска документација, особено на пописни дефтери (Tahrir defterleri), од првата половина на XV век, каде што можат да се најдат најмногу податоци за овој проблем. Во пописните дефтери од втората половина на XV—XVII век податоците за овој проблем се извонредно оскудни бидејќи, по се изгледа, дека се одело кон тоа да бидат ликвидирани спахиите — тимариоти немуслимани, што ќе можеме да видиме во нашето понатамошно излагање. Во случајов ние ќе се послужиме со податоците што ни ги дава тимарскиот дефтер заведен под № 303 во архивот на Председателството на владата (Başvekâlef Arşivi) на Турција во Цариград.[2])

---

[1]) За овој проблем кај нас има пишувано Александар Стојановски — „Кон прашањето за христијаните спахии во Македонија", ГЛАСНИК на Институтот за национална историја, Година IV, бр. 1—2, стр. 304—316. За својот труд А. Стојановски го има ползувано и дефтерот No 303. Меѓутоа, од тој дефтер тој има земено најопшти податоци не ползувајќи ги податоците во маргиналните забелешки што се наоѓаат во истиот дефтер, коишто се многу интересни и ни овозможуваат да го проследиме движењето на бројот на спахиите — христијани во Прилепската нахија се до 1455 година.

За христијаните — спахии во Србија има пиушвано Д-р Бранислав Ѓурѓев во својот труд „Хришћани спахије у Северној Србији у XV веку", Годишњак историсјксог друштва Босне и Херцеговине, Год. IV. Сарајево 1952, стр. 165—169. Податоци за христијаните спахии имаме и во трудовите на следните автори: Недим Филиповић" „Поглед на османски феудализам", ГОДИШЊАК, год. IV, Сарајево 1952, стр. 5—146. Халил Иналџик — „Од Стефана Душана до османског царства" (Хришћанске спахије у Румелији у XV вијеку и њихово поријекло), во превод од Недим Филиповиќ, во „Прилози за оријенталну филологију и историју југословнеских народа под турском владавином", III—IV, Сарајево, 1953, стр. 23—53 Д-р Хазим Шабановић — „Крајиште Иса-бега Исхаковића", збирни катастарски попис из 1455. године, издание на Ориенталниот институт во Сарајево 1964. Бистра Цветкова — „Новые данны е о християнах-спахиях на Балканском Полуострове в период турецкего господства". Византиискии временик, Том XIII, Москва 1958, стр. 184—197.

[2]) Овој дефтер го има микрофилмовано Душанка Бојаниќ во Архивот на Председателството на владата (Bašvekalet aršivi) во Истанбул. Микрофилмот се чува во Државниот архив на СРМ. Ние се служевме со фотокопиите од тој микрофилм што се чуваат во Институтот за национална историја на СРМ. Овој тимарски дефтер се однесува на Кичевската и Прилепската нахија. Кичевската нахија е опфатена од фото-

На територијата на Прилепската нахија според податоците од овој дефтер околу 1445—1455 година имало вкупно 79 феудални лена, од кои 1 зеамет и 78 тимари. Бројот на тимарите што му припаѓале на немуслимани, односно, христијани изнесува 24, што претставува 30% од вкупниот број[3]). Ова е секако една од извонредно важните констатации, зошто во подоцнежните пописни дефтери од околу 1470 г., ние гледаме дека тој број во прилепската нахија се сведува на три, од кои двата се колективни од по 7—8 души, а само еден единичен, што значи за периодот од околу 1460—1470 г. хриситјаните — спахии систематски биле ликвидирани во оваа нахија.

Овие податоци ни даваат можност да претпоставуваме дека штом се позволувало до 1455 г. да бидат застапени во спахијскиот ред релативно голем број христијани тоа говори за извесно придобивање или толерирање на евентуални поранешни феудалци од редот на христијаните.[4])

Ако ги споредиме годишните приходи од тимарите на спахите муслимани со оние на христијаните, ќе констатираме дека приходите на муслиманите се знатно поголеми од оние на христијаните, што може најарно да се види од следната споредбена табела:

---

копија бр. 2—11 заклучно, а Прилепската нахија од фотокопија рб. 12—39 заклучно. Како од микрофилмот така и од фотокопиите се гледа дека дефтерот е многу оштетен, така што на доста места текстот е или сосема уништен, или оштетен до таа степен што е невозможно правилно да се дешифрува. За потребите на Институтот за национална историја професорот на сарајевскиот Универзитет, Хамид, Хаџибегић, ги има преведено маргиналните забелешки од овој дефтер. Преводот придружен со арапска транскрипција за маргиналиите се чува во Институтот за нац. историја под инвентарен број Т. 109. За овој труд се послужив и со овој превод, при што можев да уочам дека некои населени места, како и лични христијааски имиња не беа сосема правилно дешифрувани.

[3]) Тимарскиот дефтер No 303 не е датиран. Но од една маргинална забелешка која е од третата декада на месецот шевал 849 година по хиџра, што одговара на 10. XI. 1445 година, може да се види дека тој дефтер е од пред 1445 година, или како шуо правилно претпоставува и турскиот историчар, Халил Иналџик, дека е тој дефтер од пред крајот на првата владавина на султан Мурад II (1421—1445). Инаку податоците за бројот на листовите и бројот на тимарите што ни ги дава Иналџик не се совпаѓаат со бројот на истите што ги има во миркофилмот што ни стои на расположење, на кое нешто има укажано и А. Стојановски.

Работејќи на овој дефтер можев да констатирам дека врската помеѓу фотокопијата бр. 24 и 25 е прекината, што значи дека фалат некои листови.

Во дефтерот се регистрирани имињата на притежателите на тимари во Прилепската нахија и нивните обврски во врска со учеството во воените походи. Во зависност од висина та на годишните приходи од тимарот, тие биле должни да поведат со себеси и други вооружени лица или помошници, шатори, ок.лопи и сл. Потоа следат називите на населените места што спаѓале во тимарот на дотичниот спахија — тимариот пропратени со цифарски показатели за бројот на домаќинствата, неженетите и вдовиците за секое населено место, како и износот изразен во акчи што било должно тоа население да му го дава на спахијата — тимариот. Карактеристично за Прилепската нахија во ова време е тоа; што од околу 140 села само едно е со муслиманско население.

[4]) Халил Иналџик во својот труд „Од Стефана Душана до османског царства”, на стр. 26 вели: „Старе грчке, српске и албанске племићске класе и војнички слојеви су остављени на свом месту. . . важан њихов део је уврштен у оквир османског тимара, као хришћанси тимарници,. . . у XV веку није османска држава ни у каквом облику

| Ред. број | Тимари на муслимани со годишен приход од/: | Бројот на тимариоти со таков приход | Редни број | Тимари на христијани со годишен приход од: | Бројот на тимариоти со таков приход: |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 400— 500 акчи | нема | 1. | 400— 500 акчи | 2 |
| 2. | 500—1000 „ | 3 | 2. | 500—1000 „ | 3 |
| 3. | 1000—2000 „ | 8 | 3. | 1000—2000 „ | 10 |
| 4. | 2000—3000 „ | 7 | 4. | 2000—3000 „ | 3 |
| 5. | 3000—4000 „ | 15 | 5. | 3000—4000 „ | 1 |
| 6. | 4000—5000 „ | 7 | 6. | 4000—5000 „ | 1 |
| 7. | 5000—6000 „ | 5 | 7. | 5000—6000 „ | 1 |
| 8. | 6000—7000 „ | 2 | 8. | 6000—7000 „ | нема |
| 9. | 7000—10000 „ | 5 | 9. | 7000—10000 „ | нема |
| 10. | Над 10.000 „ | 3 | 10. | Над 10.000 „ | нема |
| | Вкупно: | 55 | | Вкупно: — | 21 |

Горната споредбена табела ни покажува дека мусимански тимари со годишен приход од 400—500 акчи нема, додека кај тимарите што му принадлежеле на христијаните има два. Второ што паѓа во очи тоа е да најголемиот број христијански тимари се со годишни приходи од 1000—2000 акчи. Кај муслиманите со такви приходи се 8, и тоа претежно тимариоти чувари на крепоста во Прилеп. Најголемиот број муслимански тимари се со приходи од 3000—4000 акчи. Додека кај христијаните таков е само еден. Со приход од 4000—5000 и од 5000—6000 кај христијаните има по еден, додека кај муслинаните 12. Над 6000 акчи нема приход ниеден христијански тимар, додека кај муслиманите се 10 и т.н. Во продолжение ќе се задржиме малку повеќе на спахиите христијани, давајќи најпошти податоци за истите пропратени со она што е забележено во маргиналиите.

Како што порано нагласивме бројот на тимарите што ги притежавале немуслимани, односно, христијани околу 1445 г. изнесува 23, регистрирани во самиот дефтер. Тие се следните:

водила политичу исламизације". Со првиот дел од овој цитат на Иналџика наполно се сложуваме, додека со вториот дел каде што е многу категоричен, не би можеле да се сложиме, а на тоа нешто не наведуваат самите изворни податоци од пописните дефтери за Прилепската нахија точно од XV век. Фактот да во Прилепската нахија спахиите — тимариоти кон средината на XV век претставувале една трета од вкупниот број на тимарите во нахијата, несомнено посведочува дека навистина биле толерирани христијаните. Меѓутоа, во пописните дефтери од 1470 и 1481 година ние срекаваем се на се 2—3 тимари во истата нахија кои што им припаѓале на спахии-тимариоти христијани. Или со други зборови, од 25—26 во периодот помеѓу 1445 и 1455 година, след 20 години тој број се сведува само на 2—3 тимара, од кои двата се колективни. Ова појава дава основ да се мисли или претпоставува дека може би точно тогаш почнува со исламизацијата и тоа најнапред со спахиите-тимариоти христијани за да се почне подоцна и со останалото градско и селско население во Прилепската нахија. Се разбира дека појавата на ликвидацијата на спахии-тимариоти христијани во Прилепската нахија во никој случај не може и не смее да се генерализира, зашто на пример во Вилаетот В'лк, според наводите на Иналџика ситуацијата по однос на спахии-тимариоти христијани не била изменета од 1454/5—1575/6 т.е. од околу 170 тимари во тој вилает, 27 им припаќале на христијани, односно, неумслимани.

## 1. ТИМАР НА ДРАГОШ СИН НА КРАИСЛАВ[4a])

За Драгош син Краислав се наведува дека бил стар спахија (kadimi dir) и дека имал берат од тогашниот султан. Драгош учествувал во војните походи лично како џебелија[5]). Неговиот тимар се состои само од еден дел од 8 домаќинства (Hane) и една вдовица (bive) од село Крапа со годишен приход во износ од 470 акчи. Во самиот дефтер е нагласено дека овој дел на Драгоша му бил пренесен од феудалното лено што го имал субашијата. Од страна во маргиналите подоцна е наведено дека тимарот му бил земен на Драгоша и предаден на синот на Којо, чие име не може да се прочита, но во секој случај тој имал или вршел, некаква должност во крепоста Коџаџик.

## 2. ТИМАР НА КОЈО, ЃОРЃИ И МИЛТОШ[6])

Овој Тимар му припаѓал на тројца и тоа на Којо и Ѓорѓи синови на Стрезо и на Милтош. За Којо и за Ѓорѓи стои дека биле стари спахии. Инаку сите притежатели се воделе како џебелии, а во воените походи през годината учеступвале само двајца. Истите притежавале султански берат.

Во нивниот тимар спаѓало селото Сланско (Islançko) со своите 20 домаќинства, 3 неженети (mucerred) и две вдовици. Вкупниот годишен приход од тимарот изнесувал 1500 акчи.

Во маргиналиите кај овој тимар во дефтерот среќаваме три забелешки. Во едната се говори за тоа дека притежателите на тимарот го загубиле својот берат, поради што требало да појдат сами за да добијат друг берат.

Во другите две белешки се говори за пренесување на дел од тимарот на други лица, Првиот пат помеѓу 5 и 14 IX 1453 г., од како диздарот на крепоста Коџаџик известил дека Милтош не си ја исполнувал својата должност во крепоста, делот од тимарот што му припаѓал нему му е одземен и е доделен на некој си Муса син на Канли, под услов да оди во војна кога ќе му биде редот. Во втората белешка од помеѓу 21 и 30. I. 1454 г., се говори за тоа дека след смрта на Муса, неговиот дел му е пренесен на син му Мурат. Меѓутоа, изгледа дека овој бил малолетен поради што место него во војните походи било условено да учествува неговиот чичко.

---

[4a]) Тимарски дефтер № 303, фотокопија 14 .

[5]) Џебелија како турски воен термин значи „коњаник”. Во вависност од височината на годишните примања од тимарот, спахијата или самиот тој учествува во воените походи како џебелија (вооружен коњаник), или доколку приходите биле, на пример над 3000 акчи во тој случај тој бил, покрај личното учество, должен да поведе и еден џебелија. Ако приходите биле уште поголеми, во тој случај тој требало да поведе со себеси повеќе џебелии, вооружувајќи ги со свои сопствени средства.

[6]) Т. Д.№ 303 фотокопија бр. 14 . Името Милтош би можело да се прочита и како Мелтуш или Мелтош.

## 3. ТИМАР НА РАДЕНКО И НЕГОВИТЕ БРАЌА МИЛАНКО И ДУШАН[7])

За овие во дефтерот стои дека биле стари спахии и дека на смена оделе во воени походи. Во нивниот тимар спаѓало селото Русјак од 4 домаќинства и 1 неженет со годишен приход од 410 акчи.

## 4. ТИМАР НА ТОДОР[8])

Тодор бил стар спахија и притежавал берат од покојниот султан. Тој учествувал во воените походи лично како bürüme[9]), а покрај тоа бил должен да поведе со себе си и еден гулам[10]). Во неговиот тимар спаѓало селото Раховец, кое имало 14 домаќинства и еден муџерет. Годишниот приход од тимарот му изнесува 1545 акчи.

Од двете забалешки во маргиналите узнаваме следно:

а) дека помеѓу 28. IV и 7. V. 1446 г. тимарот му бил одземен на Тодора и доделен на некој си Јован. Овој Јован бил ставен на расположение на бегот на крепоста. Причина за одземањето на тимарот била, неисполнувањето од страна на Тодора на своите обврски, по се изгледа во крепоста. б) Помеѓу 22 и 31. X. 1447 Јован извршил замена на своето село (Раховица) со селото Кукуренци кое му припаѓало на тимариотот Иљас.

## 5. ТИМАР НА ДИМИТРИ[11])

Овој бил исто така стар спахија. По време на војна не само што самиот лично учествувал како „Bürüme", туку бил должен да поведе со себе и еден гулам. Неговиот тимар се состои од еден дел од 10 домаќинства и еден неженет од село Доленци и втор дел од 9 домаќинства и еден неженет од село Арханѓелово. Приходот од село Доленци изнесувал 850 акчи, а од село Архангелово 595 или вкупно 1445 акчи.

---

[7]) Т. Д. № 303, фотокопија бр. 15 . Името Раденко би можело да се прочита и како Радојко.

[8]) Ibid, фотокопија бр. 16 .

[9]) Вистинското или правото значење на изразот „BÜRÜME' изгледа дека се уште не е пронајдено. Професорот Хамид Хаџибегиќ смета дека овој збор претставува посебен вид тулбен што го носеле на главата спахиите-тимариоти, како доказ дека се достојни да притежаваат феудално лено тимар или зеамет. Вакво тумачење му даваат турските лексикографи. Меѓутоа, Др Хазим Шабановиќ не се сложува со ваквото тумачење па вели: „Према основном значењу ове ријечи она је морала да означује врсту спахијског оклопа, спахијског панцира и ратне опреме какву су морале имати све спахије вишег ранга (са приходом од најмање 3000 акчи вриједности); према томе овај термин би морао да значи спахију, витеза, за разлику од џебелије и ешкинџије". — Др Хазим Шабановиќ — „КРАЈИШТЕ ИСА-БЕГА ИСХАКОГИЋА", Сарајево 1964, стр. 121.

[10]) GULAM — Збор од арапско потекло со основно значење „слуга", „роб", „вазал". Во конкретниов случај „gu.lam" значи лице или војник што го придружува спахијата-тимариот по време на воени походи. Во зависност од висината на годишните приходи спахијата бил должен да поведе со себеси еден или повеќе гулами.

[11]) Т. Д.№ 303, фотокопија бр. 16 .

Во маргиналите околу овој тимар има повеќе забелешки но поради оштетеноста на дефтерот не сме во состојба во целост да ја прегледаме содржината на истите. Во секој случај од таму можевме да видиме дека помеѓу 11 и 20. XII. 1445 г. било известено дека Димитри не се знаело каде е, поради што неговиот тимар му бил доделен на некој си Брајан. Подоцна помеѓу 21 и 30. I. 1454 г. истиот тимар станал заеднички т.е. кон Брајана бил прикључен и некој си Степан, така што тимарот заеднички го користат и на смена одат во војна.

## 6) ТИМАР НА РАДУТА[12])

Во тимарот на Радута влегувало селото Локвица со своите 7 домаќинства, 1 неженет и една вдовица со годишен приход во износ од 592 акчи. Под наслов „вон од дефтерот" (haric ez defter) е внесено и селото Куратица со приход од 100 акчи.

Според забелешката на маргиналиите од 6. 13. IV. 1450 г. тимарот на Радута му бил одземен, бидејќи се бавел со продавање робови и не си ја обавувал службата во крепоста. Тимарот му е доделен на Тодора(?) и неговиот син Степан кон кои биле прикључени уште двајца, а тоа се Јонче и неговиот брат. Помеѓу 13 и 22. I. 1452 г. е забележено дека тимарот го уживаат сите четворица заедно, со тоа што през годината двајца од нив би оделе во војна.

## 7) ТИМАР НА ЈОВАН[13])

Овој тимар на Јована му бил пренесен од Станиша син на В'лчо. По време на војна Јован учествувал како „буруме" и во исто време бил должен сосебе да поведе и еден гулам. Во тимарот спаѓало селото Сушица кое имало 17 домаќинства и 3 неженети. Во дефтерот е регистрирано како хасса имот и едно лозје. Вкупниот годишен приход му изнесувал 2280 акчи.

Помеѓу 5 и 14. X. 1453 г. во маргиналите е забележано дека според соопштението на диздарот Јован не се јавил во крепоста на должност, поради што тимарот му е одземен и предаден на некој си Х'з'р од Велес и на Константин син на Испандол, за да го ползуваат заеднички, а во војна да да одат на смена.

Меѓутоа кога ќе било нужно да се обавува некоја должност во крепоста, тогаш и двајцата останувале во неа. Карактеристично е секако дека се среќаваат тимари доделувани на заедничко уживање на муслиман и христијанин.

---

[12]) Т. Д. № 303, фотокопија бр. 17 . Александар Стојановски името РАДУТА го има прочитано РАДОЊА.

[13]) Т. Д.№ 303, фотокопија бр. 18 .

## 8) ТИМАР НА МИЛАНКО БРАТ НА ВЛАДИМИР[14])

За овој тимариот се вели дека бил спахија. По време на војна учествувал самиот како „буруме" и во исто време бил должен да поведе со себе и еден гулам. Неговиот тимар се состои од еден дел од селото Речани од 10 домаќинства и 2 муцереди. Покрај тоа притежавал како хасса имот една воденица. Годишниот приход од тимарот изнесувал 1233 акчи.

Во забелешката од 3—12. XI. 1453 г. стои следното: „Поради тоа што овој споменатиот одамна го ужива (çoktan yedüğ̆i sebepten) — се мисли на тимарот — му се зеде и даде на Новак син на Ѓураѓ (Guragun) кој ја дал Трнава. Тој со него располага и оди во војна. Но, додека тој се оспособи, во војна оди неговиот ешкинџија (ратник или заменик).

Во конкретниов случај интересно е тоа што тимарот се одзема поради тоа што долго се користел.

## 9) ТИМАР НА...? И ВАСИЛ[15])

Овие двајца тимариоти биле стари спахии и притежавале султански берат. Во војна учествувале како „bürümĕ", водејќи со себе и по еден гулам. Во заедничкиот тимар спаѓале две села и тоа; — село Слатина со своите 22 домаќинства, 4 неженети со приход во износ од 2000 акчи, како и селото Власинци? (може да се прочита и како Орашица или Урошица) со своите 3 домаќинства и приход од 283 акчи.

Од забелешките во маргиналите кај овој тимар, кои што се многу уништени, може да се разбере само тоа дека до 1453 г. овој тимар бил три пати пренесуван на други личности. Во првиот случај тимарот бил пренесен на некој си Томо кој што дошол од Дебар, како и на уште двајца други од кои едниот се викал Никифор.

## 10) ТИМАР НА ВОЈНАК[16])

По време на војна самиот Војнак учествувал како џебелија. Инаку за истиот е заведено дека бил стар спахија. Во составот на неговиот тимар влегува само еден дел од село Крушје од 5 домаќинства и 1 неженет, со годишен приход во износ од 896 акчи. Покрај тоа истиот притежавал како хасса имоти 1 лозје и 4 плодородни дрвца.

Во забелешката од 13—22. I. 1452 г. е регистрирано дека истиот тимар одново му бил даден на Војнак и неговиот син Константин на заедничко уживање, со учество во веоните походи на смена. След една година т.е. помеѓу 22 и 31. I. 1453 г. е регистрирано дека делот од тимарот што му припаѓал на Војнака му бил доделен на неговиот втор син по име Черпе, така што тимарот во целост го користат двајцата браќа — Черпе и Константин.

---

14) ibid.
15) Т. Д. № 303, фотокопија бр. 18 .
16) „ „ фотокопија бр. 19 .

## 11. ТИМАР НА ЈОНКО БРАТ НА ВЛАДО[17])

Овој тимариот — спахија по време на војна лично учествувал како „burume” и во исто време тој бил должен со себе да поведе еден џебелија, еден гулам, како и еден мал шатор (tenktur). Тимарот му бил пренесен нему од некој си Јорги син на Богдан, кој дотогаш го уживал. Спахијата — тимариот притежавал султански берат. Во тимарот се вклучени:

а) с. Дивјаци со 23 домаќинства и 4 неженети, со приход до 1795 акчи.

б) Од село Тополница (дел) од 3 домаќинства со приход од 281 акчи.

в) Од село . . . ? дел од 8 домаќинства и 1 неженет со приход од 952 акчи годишно.

г) село Башинци — кое припаѓало во Скопско — со 8 домаќинства, 1 неженет и 4 вдовици. Годишен приход во износ од 1413. Во ова село спахијата имал и хасса имот од 53 плодни дрвја.

Вкупниот годишен приход од сите горенаведени села изнесувал 4241 акчи.

Помеѓу 5. III. и 2. IV. 1451 г. тимарот му е одземен на Јонко и му е доделен на шестмина Турци и тоа на: Ќучук Јусуф, Јусуф син на Ќоприли, Х'з'р слуга на бегот. Татар-шахиновиот син Иљас, бајраковиот син Јусуф и неговиот брат Насух. Сите овие биле прво во крепоста на Акче-Хисар, а сега со добивањето на овој тимар биле должни да служат во крепоста на Кичево.

## 12. ТИМАР НА ВЛАДО БРАТ НА ЈОНКО[18])

Тимарот е пренесен на него од некој си Алија син на бегот на крепоста. По време на војна сам учествувал како „bürüme”, носејќи со себе си и еден гулам. Во составот на тимарота биле: — село Асломанци(?) со 19 домаќинства, 2 неженети и 3 вдовици. Годишен приход од ова село е 141 акча. Потоа дел од село Заполжани (Запложани) од 2 домаќинства и 1 нежеент со приход од 225 акча. Спрема тоа вкупниот приход од тимарот изнесувал 1635 акчи. Помеѓу 12 и 21 .III. 1453 г. тимарот му е одземен и е доделен на друго лице.

За делот од село Заполжани има две забелешки. Според првата од 1451 г., дел му бил доделен на Сарандин од Прилеп, а според другата забелешка истиот дел бидејќи Сарандин умрел му е доделен на неговите синови Волкашин и Богослав на заедничко ползување и со учество во војна на смена.

---

[17]) Т. Д. № 303 фотокопија бр. 20 .

[18]) „ „ фотокопија бр. 21.

## 13. ТИМАР НА ДИМИТРИ[19])

Овој тимар е пренесен од Јоргич на лицето Димитри. По време на војна Димитри лично учествувал како „bürüme". Тимарот се состоел од пет делови (hise) на поедини села и тоа:

а) Дел од 4 домаќинства од с. Храштани со приход од 225 акчи.

б) Дел од 2 домаќинства од село Довлен со приход од 135 акчи.

в) Дел од 3 домаќинства од с. Долгаец со приход од 175 акчи

г) Дел од 1 домаќинство од с. Пребој (?) со приход од 70 акчи.

д) Дел од 2 домаќинства и 1 вдовица од село Калин или Кален. со приход од 135 акчи. Спрема тоа тимарот се состоел од 12 домаќин ства, 1 вдовица и вкупен годишен приход од 740 акчи.

Помеѓу 1 и 9. XI. 1447 г. е забележено дека Димитри веќе остарел, поради што неговиот тимар му бил доделен на неговите синови Дујко и Јорко (или Ѓорко) на заедничко уживање и учество во војна на смена. Во наредната забелешка од 13. VII. 1451 г. се вели дека било установено за Дујко и Јорко да спаѓале во редот на христијаните што плаќале харач, поради што тимарот му е одземен и доделен на некој си Мирко.

Помеѓу 12 и 21. III. 1453 г. тимарот е доделен на христијанинот (kâfir)[20]) по име Којо, кој што се удружил со делот на некј си Витан, така што заеднички го уживаат, и двајцата оделе во војна. Понатака се вели дека тој тимар бил одново притежание на Дујко и Јорко. Лицето Дујко својот дел од тимарот го заменил со делот што му припаѓал на христијанинот Васил. Во ова време споменатиот Васил го притежавал селото наречено Томино Село.

## 14. ТИМАР НА МИХАИЛ СИН НА РАДОЈА[21])

Пренесен од неговиот татко. Притежавал берат од султанот Додека се оспособил за учество во војна, го заменувал неговиот постар брат Костадин. Во неговиот тимар спаѓал еден дел од 14 домаќинства и 2 неженети од село Ребатино со годишен приход во износ од 1650 акчи. По време на војна учествувал лично како „bürüme".

Помеѓу 10 и 19. XII. 1447 г. тимарот му е одземен и доделен на муслиманите Јахша и неговиот син Х'з'р, на заедничко уживање со обврска да ја чуваат крепоста во Кичево.

## 15. ТИМАР НА ЈАКО СИН НА АГРИАН КОНСТАНТИН И НА ТОДОР СИН НА ДИМИТРИ[22])

Овој тимар е пренесен од таткото на Тодор син на Димитри. Тимарот двајцата заеднички го ползуваат и на смена одат во војна како „burume".

---

[19]) Ибид

[20]) „Kâfir" значи „неверник", ние го преведуваме со „христијанин" или „немуслиманин".

[21]) Т. Д. № 303, фотокопија бр. 21 .

[22]) „ „ фотокопија бр. 22 .

Во составот на тимарот е селото Црешнево со 22 домаќинства, 4 неженети и 1 вдовица со приход од 1442 акчи. Потоа дел од 6 куќи и 1 неженет од с. Зрзе со приход од 485 акчи, како и едно домаќинство од село Крапа. Вкупниот износ на годишниот приход изнесува 1897 акчи. [Кај А. Стојановски стои 5363 т. е. внесена е онаа сума што му припаѓа на следниот тимариот Јанаки.)

Помеѓу 1 и 9. XI. 1447 г. делот од тимарот што му припаѓал на Јако е доделен на заедничко ползување на Михаил и неговиот братучед Константин со обврска и двајцата да учествуваат во воените походи.

Година дена покасно т.е. на 5. XII. 1448 година тимарот одново му е доделен на Јако. Помеѓу 7 и 16. VIII. 1453 г. Јако му го отстапил своето село Црешево (Чрешево) на неговиот син Никола, а со неговата согласност е придружен и Краислав, така што овие двајца заеднички го уживаат тимарот и на смена одат во војна.

За делот од селото Зрзе има повеќе забелешки во маргиналите во врска со пренесувањето на тој дел на разни личности од 1447—1452 г. Во најстарата забелешка датирана помеѓу 12 и 21. IX. 1447 г. се говори за тоа дека тој дел на селото порано го ползувале чуварите на крепоста во Прилеп, поради што одново му е предаден на некој си Х'з'р син на Јахша од град Прилеп. Во наредната забелешка од 1. 9. XI. 1447 г. се вели за истиот дел дека одново му бил доделен на Јако, втор син на Константин под услов место него во војна да оди неговиот ратник, (eškindžija). Меѓутоа, како неговиот ешкинџија (ратник) не се јавил за учество во војна, тимарот му е одземен и предаден на Ѓорѓи син на Узгур.

Помеѓу 13 и 22. I. 1452 г. овој тимар е доделен на други двајца браќа на заедничко уживање. Едниот од нив се викал Лазар (Лазор) под услов на смена да одат во војна.

## 16. ТИМАР НА ЈАНАКИ СИН НА ИСПАНДОЛ[23])

За Јанаки во дефтерот стои дека бил стар спахија.

Во неговиот тимар е опфатен манастирот Орашче (Урошица?) со приход од 1500 акчи. Тука е регистрирано и едно лозје како хасса имот.

Помеѓу 12 и 21. VIII. 1448 г. тимарот е пренесен на некој си Ивко.

## 17. ТИМАР НА ОХРИЃАНЕЦОТ БРАНКО[24])

Тимарот е пренесен од Алија син на Доган. Тимариотот Бранко притежавал берат од султанот. По време на војна учествувал самиот како „burume" и во исто време бил должен да води со себе си еден, џебелија како и еден мал матор (tenktur).

[23]) Т. Д. № 303, фотокопија бр. 22 и 22

[24]) „ „ фотокопија бр. 25.

Во тимарот влегувало селото Лопатица со своите 10 домаќинства 1 неженет и 2 вдовици со приходи во износ од 1621 акчи. Покрај тоа тој притежавал и хасса имоти во село Лопатица исто така и во Прилеп (22 плодни дрвја во Лопатица, едно лозје и една воденица во Прилеп) така што вкупниот износ на приходите изнесувал 3812 акчи.

Од првата забелешка чија што содржина не е сосема јасна, датирана со 24. IV. 1449 г. овој тимар како да е пренесен на Иљас син на Јакуп.

Помеѓу 23. I. и 1. II. 1452 г. след смрта на Јакупа тимарот му е доделен на христијаните (kâfirlere) Лике и неговиот син Ласко (веројатно Лашко) на заедничко уживање и учество во војна на смена.

Помеѓу 7 и 16. VIII. 1453 г., делот од тимарот што му припаѓал на Лике му е доделен на неговиот брат Бежан (написано Bizan).

## 18. ТИМАР НА ТОДОР И КОМНЕН (?)[25])

Тимарот е пренесен на нив од Радомира. Притежаваат берат од султанот и секоја година на смена одат во војна како џебелии, водејќи со себе и еден гулам.

Во тимарот е опфатено селото Костинци со своите 20 домаќинства, 3 неженети и 2 вдовици со приход во износ од 1915 акчи.

Помеѓу 5 и 14. I. 1451 г. овој тимар е пренесен на Халил син на Далбаси.

## 19. ТИМАР НА ЃОРЃИ (написано Џорџи) СИН НА УЗГУР[26])

По време на војна тимариотот Ѓорѓи бил должен да учествува како „burume" и во исто време со себе да поведе еден гулам. Во неговиот тимар спаѓал само еден дел од селото Зрзе од 38 домаќинства, 6 неженети и 5 вдовици со приход од 2330 акчи. Во истото село тој имал и хасса имот од 14 плодни дрвја.

Помеѓу 29. III. и 7. IV. 1446 г. овој тимар бил придодаден кон тимарот на некој си Станко. Потоа во целост даден на Халил син на Хаџи Мехмед, син на Талиб. Се до месец март 1453 г. истиот тимар е уште 3 пати пренесуван на различни муслимани.

## 20. ТИМАР НА ЃОРГИ (написано Јорги)[27])

Овој тимар е пренесен на Ѓорѓи од некој си Стојо. Спахијата Ѓорѓи притежавал султански берат, а по време на војна самиот учествувал како џебелија. Во состав на тимарот било селото Годивје со 11 домаќинства, 2 неженети, една вдовица и приход во износ 1307 акчи.

---

[25]) Т. Д. № 303, фотокопија бр. 27 .

[26]) „ „ фотокопија бр. 28 . А. Стојановски го има испуштено овој тимар во неговиот цитиран труд „Кон прашањето за христијаните спахии во Македонија".

[27]) Т. Д.№ 303, фотокопија бр. 31 .

Помеѓу 8 и 17. VI. 1453 г. е регистрирано, дека тимариотот Ѓорѓи полудел, а тимарот е доделен на заедничко уживање на неговиот син Волкашин и христијанинот (неверникот) по име Никола, со обврска на смена да учествуваат во воените походи.

## 21. ТИМАР НА САРАНДИН[28])

Тимарот му бил доделен под услов да земе учество во војните.

Во тимарот е внесена само мезрата Борилово, за која се вели дека му припаѓала на некој си Дурали син на Софи Доган. Износот на приходот не е регистриран.

Во забелешката датирана помеѓу 6 и 14. IX. 1452 г. се заведува дека Сарандин во последните две години не се јавил да учествува во воените походи, поради што тимарот му е одземен и доделен на христијанинот Рале, спахиски син, од град Прилеп.

## 22. ТИМАР НА СТАНКО КРЧОВОЛИЈАТА (Кичевчанецот)[29])

На него е пренесен од Умура еден од чуварите на крепоста во Прилеп. По време на војна самиот учествува како џебелија.

Во тимарот е вклучено селото Бонче со своите 14 домаќинства, 2 неженети и 3 вдовици. Годишниот приход изнесувал 1190 акчи. Во истото село тој имал и хасса — имот од 10 ореови дрвја и 34 сливи.

Помеѓу 29. III. и 7. IV. 1446 г. овој тимар бил придодаден кон тимарот на некој си Ѓорѓи (Џорџи) кој бил заведен на четвртиот лист, а потоа во целост предаден на Халил син на Хаџи Мехмед, син на Талиб.

Во забелешката од 1—10. VI. 1451 г. се вели" — Сега нека овој, споменатиот, и неговиот брат — Рале заеднички го држат и уживаат и наизменично нека одат во војна".

Помеѓу 15 и 24. IX. 1453 г. тимарот им е одземен на гореспоменатите тимариоти христијани и доделен е на Муса син на Караџа на уживање и обавезно учество во војна, а пак тимарот што го притежавал Муса им е доделен на христијаните, што значи извршена е замена.

## 23) ТИМАР НА МРКУШ, МИЛАДИН И ДОБРИВОЈ[30])

Тимарот заеднички го уживаат тројцата, а одат во војна на смена.

Во тимарот е заведена мезрата наречена Песокол — која е вон од дефтерот (haric ez defter). Годишниот приход не е заведен.

## 24. ТИМАР НА КОМНЕН И НЕГОВИТЕ БРАЌА, ТОДОР, ЈУРО, СТАНИСЛАВ МИНЧО (МИХО) И ЃУРКО[31])

Тимарот заеднички го уживаат, а по време на војна само еден од нив зема учество, како џебелија.

[28]) Т. Д.№. 303, фотокопија бр. 33 . Александар Стојановски го има испуштено во својот труд и овој тимар.

[29]) Ibid.

[30]) Т. Д. № 303, фотокопија бр. 33 .

[31]) Т. Д. № 303, фотокопија бр. 39 .

Во нивниот тимар спаѓала само една мезра — вон од дефтерот. Називот на мезрата не можевме да го дешифруваме.

Од регистрираните тимари што му припаѓале на христијани спахии а чијшто број изнесува 24, подоцна кога тимарите почнале да се пренесуваат на други лица се до 1455 г., што можеше да се види од содржината на забелешките, ние можиме да установиме дека од истите тимари некои биле пренесени на муслимани, каков што е случајот со тимарите под бр. 2, 11, 14, 18, и 19; додека тимарите под бр. 7, 17 и 22 прво биле пренесени на муслимани, а потоа пак ан христијани. Во секој случај 19 тимари од вкупно 24, биле од околу 1445—1455 г. притежавани од христијани, а само 5 се пренесени на муслимани.

На фотокопијата бр. 13б за селото Мрежиште кое имало 18 домаќинства, 2 неженети со приход од 1050 акчи, а спаѓало во тимарот на еден муслиманин, во маргината се вели дека е доделено на еден неверник (христијанин).

За селото Кукуренци кое имало 12 домаќинства, 2 неженети со приход од 1300 акчи во маргината од 1451 г. стои дека е извршена замена со селото Раховец кое му припаѓало на христијанинот Ѓорѓи (фотокопија 14б).

Според една забелешка од 14. VIII. 1447 г. тимарот што му припаѓал на некој си Хамза е доделен на христијанинот Ѓураѓ. Во овој тимар биле селата: Тажево со 11 домаќинства, 2 неженети, 1 вдовица и приход во износ од 1120 акчи; потоа селото Брод со 5 домаќинства, 1 неженет, и приход од 635 акчи; селото Долна Белица со 11 доамќинства, 2 неженети, хасса — имот од едно лозје, 6 плодни дрвја, со годишен приход во износ од 1020 акчи, како и селото Горна Белица со 5 домаќинства, 1 неженет, 1 вдовиuа и рпиход од 286 акчи. Значи, вкупно 4 села со 36 домаќинства, 6 неженети, 2 вдовици, со вкупен годишен приход од целиот тимар во износ од 3066 акчи.

Според забелешката од помеѓу 5 и 14. X. 1453 г. Тажево и Брод му се одземени на Ѓураѓ и доделени на Ѓорѓи и Узгур, синови на Никола Шкорич, на заедничко уживање и учество во војна на смена. Помеѓу 11 и 20. III. 1455 г. истите села им се одземени и се доделени на муслиманинот Саруч од Акпинар. Од друга страна за селата Горна и Долна Белица во маргините стои дека едно време му биле доделени на Комнен Ворсак, а помеѓу 15 и 24. VIII. 1455 г. истите се доделени на заедничко уживање на Ѓорѓи и Узгур синови на Никола Шкорич (фотокопија 15б).

За делот од селото Ребатино од 8 домаќинства, 1 неженет и 7 плодоносни дрвја, со приход од 848 акчи ,што припаѓало кон тимарот на муслиманинот — спахија по име Бали, во една забелешка од помеѓу 13 и 22. I. 1452 г. стои, дека му е даден како додаток на Узгур (фотокопија 17б).

Во една забелешка од опомеѓу 2 и 11. I. 1453 г. за селото Томино-Село, од 7 домаќинства и приход од 400 акчи, кое било вклучено во Тимарот на Мурат син на Танривермиш, се вели дека му е одземено на Мурат и доделено на христијанинот Васил. Подоцна овој Васил извршил замена на своето село со нексиојси Дујко и тогаш бил приклучен и

неговиот син Павле на заедничко уживање и обврска да одат во војна на смена или наизменично. (фотокопија 19б).

Во една забелешка од помеѓу 26 и 6. III. 1448 г. за еден тимар кој му бил доделен на муслиманин, а во кој спаѓало селото Јанкол со 34 домаќинства, 5 неженети и присод од 2944 акчи, како и дел до 4 домаќинства од село Свињишта, со приход од 264 акчи, или вкупен годишен приход од тимарот во износ 3208 акчи, стои, дека му е одземен на муслиманинот и му е доделен на христијанинот Јонко. Кон Јонко се придружил и неговиот брат Владо, така што го уживале аеднички, а по време на војна биле должни и двајцата да земат учество. (фотокопија 20б).

За дел од село Комарчани од 18 домаќинства, 3 неженети 1 вдовица, со приход од 1711 акчи, кој припаѓал во тимарот на Касим син на Тимурташ, во една забелешка од помеѓу 7 и 16. XI. 1450 г. се вели дека е доделен на христијанинот Димитри од Битола. Подоцна е забележено дека кон истиот дел бил прикључен и неговиот син Мануел на заедничко ползување и наизменично учество во војна (фотокопија 26б).

Од маргините кај спахиите муслимани гледаме дека за периодот од составувањето на дефтерот (негде околу 1444—45 г.) па се до 1455 г., два тимари што му припаѓале на муслимани по време на пописот, во текот на 1447 и 1448 г. се пренесени или доделени целосно на христијани. Од друга страна селата Мрежиште и Томино Село се изземени од составот на тимари на муслимани и се доделени на христијани. Ние порано веќе нагласивме дека во истиот интервал, пет тимари се одземени на христијани и доделени на муслимани, што значи вкупниот број на тимари што ги притежавале само христијани за периодот од 1444—1455 г. се движи од 24—25, што фактички преставува скоро една трета од вкупниот број на тимари во прилепската нахија по ова време. Од 1455—1470 г., како што веќе на едно место нагласивме, спахиите христијани постепено се ликвидираат така што ќе бидат сведени на три, од кои два колективни. Дали оваа појава говори за ливидирање на христијаните — спахии или пак евентуално за преминување во ислам на притеажтелите на тимари, тоа прашање останува се уште отворено.

*M. Sokoloski*

## LES SPAHIS-TIMARIOTES CHRETIENS DANS LA NAHIE DE PRILEP AU MILIEU DU XV[e] SIECLE

### *RESUME*

Dans l'introduction à la présente étude, l'auteur constate que le problème concernant les spahis-timariotes non musulmans n'est pas encore suffisamment étudié. Si certains auteurs l'ont quand même traité, ils ne l'ont fait que d'une façon périphérique. Ils se contentent, en fait, de constate qu'une catégorie sociale de ce genre existait bien, mais ils ne nous disent rien de ses origines, son évolution et sa disparition ou bien de ses rapports avec les spahis musulmans.

L'étude complète de cette question est rendue difficile par le manque de registres de recensement (Tahrir defterleri), surtout pour la période allant de 1430 à 1460, qui est l'époque de l'institution du système de timars et de spahis dans les nouveaux territoires de l'Empire ottoman.

En partant des données que l'on trouve dans plusieurs registres de recensement se rapportant à la nahie de Prilep pour la période allant de 1440 à 1544, donc pour plus de cent ans, l'auteur arrive à certaines conclusions relativement à l'état des spahis non musulmans dans la nahie de Prilep. On peut même dire que les spahis-timariotes non musulmans étaient encore tolérés jusqu'en 1460, car d'après les registres de recensement datant de 1470 à 1544 le nombre de ces spahis ne se réduit à trois que vers 1470, puis à un et, finalement, ils disparaissent complètement.

L'auteur se sert surtout des renseignements que fournit le registre de recensement sommaire (icmal) № 303. Ce registre n'est pas daté, mais les notes marginales permettent de conclure qu'il est antérieur à 1440. Il se trouve actuellement aux archives de la présidence du gouvernement (Başvekâlet arşivi) de Turquie.

D'après les renseignements que fournit ce recensement effectué sur le territoire de la nahie de Prilep, il y avait, vers le milieu du XVe siècle, au total 79 villages féodaux, dont un zéamet et 78 timars. Le nombre des timars appartenant aux spahis-timariotes non musulmans était de 24, ce qui fait environ 30% du nombre total. L'auteur présente aussi un tableau comparatif du niveau des revenus annuels obtenus dans les timars tant musulmans que non musulmans. L'auteur constate que le gros des revenus des spahis non musulmans variait de 1000 à 2000 aktchés par an, tandis que celui des spahis musulmans de 3000 à 6000 aktchés.

L'auteur parle de chaque spahi non musulman. Il dit quelles étaient ses obligations, quels étaient les villages qui constituaient son timar, combien de familles il y avait dans son timar et quels étaient les revenus de la population.

D'un intérêt particulier sont, selon l'auteur, les renseignements que fournissent les notes marginales de ce registre, dont il se sert d'ailleurs abondamment.

Ces renseignements font voir que jusqu'en 1456 les spahis non musulmans étaient tolérés et qu'il y avait même des cas où des timars dont les usufruitiers étaient des musulmans passaient aux non musulmans.

L'auteur constate ensuite que le nombre des spahis-timariotes dans la nahie de Prilep était jusqu'en 1456 d'environ 30% du nombre total des, timars de ce territoire, tandis que vers 1470, ce nombre s'est rédiot à 3 seuls dont deux étaient collectifs (les usufruitiers en étaient plusieurs personnes de 6 à 7, obligées de faire le service militaire et comme recompense leurs terres étaient exemptes d'impositions).

L'auteur n'est pas à mêmes d'affirmer si cela constituait la liquidation des spahis-timariotes non musulmans ou bienceux-ci s'étaient convertis à l'islam. Il y a des indices allant en faveur de la seconde supposition,mais il est encore tôt pour pouvoir en donner une réponse définitive.